ЗДРУЖЕНИЕ КОНЕКТ
Бр. 0302-114
15.09.2022 год.



Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2023, до 15.9.2022 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Të nderuar përfaqësues të organizatave qytetare,

Ju falemnderojmë për interesin e shprehur për pjesëmarrje në Thirrjen deri te sektori civil për kontributin në përgatitjen e Programit të punës së Qeverisë së Repblikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2023. Formularin e plotësuar ( së bashku me bashkëngjitjet, nëse ka) dorëzoni te Njësia për bashkëpunim me organizatat joqeveritare e Sekretariatit të Përgjithshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, në mënyrë elektronike në adresën nvosorabotka@gs.gov.mk **me shënim Iniciativa për PVQRMV 2023, deri më 15.9.2023.** Me dorëzimin e formularit vërtetoni se pajtoheni që iniciativa juaj të publikohet në faqen e internetit nvosorabotka@gs.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фондацијата:
Здружение Конект Скопје

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар):
6366996

Седиште и адреса (улица, број, општина):
Ул. „Владимир Полежиновски“ 19-1/6, Центар

Застапник:
Никица Кусиникова, Извршна директорка
nikicak@konekt.org.mk 070 33 34 82

Веб страница:
www.konekt.org.mk

Електронска пошта (e-mail):
konekt@konekt.org.mk

Телефонски број за контакт:
02/ 3224 198

Лице за контакт:
Виктор Мирчевски, Програмски раководител
viktorm@konekt.org.mk 071 20 66 33

## Të dhëna të përgjithshme për shoqatën/ fondacionin

Emri i shoqatës/ fondacionit:

NVAS (numri amë i subjektit juridik sipas të dhënave në Regjistrin Qendror):

Selia dhe adresa ( rruga, numri, komuna):

Proqesverbali:

Faqja e internetit:

Posta elektronike ( e-mail):

Numri i telefonit për kontakt:

Personi për kontakt:

## Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година

## Propozim-iniciativa për Programin vjetor të punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut Për vitin 2023

**Наслов на иницијативата:**
Подготовка на Национален акциски план за Водечките принципи на Обединетите Нации за бизнисот и човековите права и фокус на примена на вештачката интелегенција во јавни набавки.

**Emri ( titulli) i iniciativës:**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

Предлогот придонесува кон следните стратешки приоритети:
- Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
- Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;
- Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност;
- Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти.

**Prioriteti strategjik:** (kontributi- lidhur me prioritetin strategjik të caktuar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)
Предлогот се поврзува со следните приоритетни цели:
- Владеење на правото, ред, антикорупција и безбедност
- Современа администрација, дигитализирани услуги – граѓанинот на прво место;
- Владеење на правото, ред, антикорупција и безбедност;
- Едно општество еднакво за сите;
- Следната цел: членство во ЕУ;
- Ние во светот.

**Qëllimi prioritar:** (kontributi- lidhur me qëllimin e caktuar prioritar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

**Поглавје 23: Правосудство и фундаментални права**

COMMISSION STAFF WORKING DOCUMENT
North Macedonia 2021 Report, Chapter Fundamental Rights

**NPAA** (lidhje me partneritetet e pranuara si dhe identifikimi adekuat i kapitullit dhe rajonit)

Европската Унија во својата стратегија за општествена одговорност на претпријатијата препорачува членките, како и земјите-кандидати за членство, да усвојат Национален акциски план за Водечките принципи за бизнис и човекови права на Обединетите Нации.

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

**Arsyetim:** (Përshkrim i shkurtër i iniciativës: arsyet e propozimit, lënda e rregullimit nëse bëhet fjalë pë akt ligjor ose nënligjor dhe organi kompetent i administratës shtetërore)

Водечките принципи за бизнис и човекови права (ВПОН) беа усвоени од Советот за човекови права на Обединетите нации во 2011 година и претставуваат продолжение на напорите за унапредување на стандардите за општествена одговорност и добро управување на компаниите започнати со десетте принципи на Глобалниот договор на Обединетите нации. Овие принципи се базирани на рамката „заштити, почитувај и правни лекови" и се темелат на:

- Обврски на државите да ги почитуваат, заштитуваат и исполнуваат човековите права и основни слободи;
- Улогата на деловните претпријатија да работат во согласност со сите применливи закони и да ги почитуваат човековите права;
- Потребата правата и обврските да бидат пропратени со соодветни и ефективни правни лекови во случај на нивно прекршување.

ВПОН се состојат од 31 принцип и претставуваат прв глобален стандард за почитување и превенирање на ризици од нарушување на човековите права од страна на бизнис секторот. Компаниите заедно со Владите ширум светот и во ЕУ работат на имплементирање на ВПОН и усогласување со воспоставените стандарди. Посветеноста кон оваа цел државите ја преточуваат во донесување на Национален акциски план (НАП) за ВПОН кој се креира по востановена методологија. Европската Унија во својата стратегија за општествена одговорност на претпријатијата препорачува членките, како и земјите-кандидати за членство, да усвојат НАП за ВПОН. Во повеќето членки на ЕУ се одвива процесот на донесување и спроведување на НАП, а досега 15 земји од ЕУ веќе имаат усвоено ваков документ.

Со цел да ги поттикне релевантните институции и компаниите во земјата да се вклучат поактивно во

унапредувањето на човековите права, Делегацијата на Европската Унија во периодот март 2018 – декември 2019 преку **Европскиот инструмент за демократија и човекови права** (ЕИДХР) го поддржа проектот „Поттикнување на принципите за бизнис и човекови права“, кој е спроведуван од Конект во партнерство со Бизнис Конфедерацијата. Проектот го поттикна активното учество на релевантните чинители во политичкиот дијалог, ја подигна свесноста во однос на ВПОН и придонесе кон подобрени капацитети и знаење во врска со ВПОН.

За новиот ЕИДХР проект „Техничка и интегрирана заштита на личните податоци – градење на инклузивен екосистем“ работната група ја продолжува работата фокусирајќи се на заштитата на личните податоци и употребата на вештачката интелегенција како важна точка на подготовока на државата за уредување на новите технологии со цел обезбедување на нивно користење во јавен интерес, а не во кршење на човековите права.

Со овој допис укажуваме на важноста овие напори и процеси да продолжат, да се формализираат и одржливо да градат систем на заштита и унапредување на човековите права во бизисот. Стоиме на располагање и понатаму да го помагаме овој процес со ресурсите, експертизата, сознанијата и меѓународните контакти со кои што се стекнавме во текот на проектот.

Беше направено Истражување за почитувањето на човековите права во бизнис секторот кое го анализира степенот на запознаеност на релевантните чинители со концептот на ВПОН и степенот на усогласеност на работата на компаниите со нив и дава осврт на регулативата поврзана со заштита на човековите права во компаниите. Истражувањето, покрај другото, констатира дека освен постоечката правна рамка која уредува одредени аспекти од влијанието на компаниите врз човековите права, има потреба од дефинирање национална стратегија во поглед на промоција на ВПОН преку стратешки план и мерки кои ќе ги поттикнат компаниите да ги унапредат стандардите во работењето над она што претставува законска обврска. За илустрација, во пракса мал број компании применуваат суштински приод кон заштитата на човековите права. Само 28,8% од вклучените компании прават проценка на ризиците поврзани со човековите права, а 13,6% потоа преземаат некаков обмислен пристап во оваа насока.

ВПОН беа преведени на македонски и албански

јазик, а како дел од проектот воспоставена е и **меѓу-секторска работна група како платформа за дијалог во врска со ВПОН меѓу засегнатите страни** – релевантните институции, синдикатите, стопанските комори и граѓанските организации. Групата на своите состаноци во повеќе наврати дискутираше за потребата од усогласување на националните политики со ВПОН. Во наредниот период групата ќе продолжи со работа и ќе вклучи членови со особено познавање од ИТ секторот и областите на вештачка интелеггенција и ќе работи на креирање на два индикатори кои ќе служат двеоперативни цели: 1) развој на производи и/или услуги: ИТ компаниите ќе ги користат овие индикатори со цел да се осигураат дека нивните производи и технологии не влијаат или не ги попречуваат човековите права; 2) инпут за јавни набавки: институциите ќе ги користат индикаторите како инпут во јавните набавки при набавка на ИТ услуги и технологија како превентивен механизам за заштита на човековите права, граѓанскиот простор и филантропијата.

Врз основа на наодите од истражувањето, претходните дискусии и консултативниот процес на **меѓу-секторската работна група** како и компаративните искуства од ЕУ прибирани во текот на проектот, особено оние обезбедени преку студиска посета во Германија (декември 2019), меѓу-секторската работна група се согласи дека е потребен стратешки приод во интегрирањето на ВПОН во политиките на нашата земја преку изготвување и усвојување на Национален акциски план (НАП) за имплементација на ВПОН.

Во оваа насока, **препорачуваме Владата да донесе формална одлука за започнување процес на подготовка на Национален акциски план за Водечките принципи на ОН за бизнисот и човековите права.** На овој начин, Владата на РСМ ќе ја преземе обврската за заштита и правни лекови против влијанија врз човековите права предизвикани од бизнисот согласно ВПОН и ќе испрати силна порака дека сите компании имаат обврска да ги почитуваат човековите права во водењето бизнис. **Дополнително Владата преку јавните набавки за ИТ услуги ќе воведи стандарди за претходна проверка и усигурување дека тие услуги нема да кршат човекови права, туку ќе ги заштитуваат.** Воедно, преку ваквата иницијатива, Република Северна Македонија ќе биде меѓу првите земји во Западен Балкан којашто го отпочнала процесот на изготвување на НАП и ќе ја демонстрира својата посветеност кон усогласување на политиките со

законодавството на ЕУ како и со глобалните текови во доменот на човековите права.

Согласно Насоките за НАП од Работната група на ОН кои се однесуваат на процесите на донесување на НАП, препорачуваме подготовката на НАП да се одвива преку **широк консултативен процес** кој ќе ги вклучи сите засегнати страни, а ќе биде **предводен и координиран од Министерството за труд и социјална политика** како институција во чија надлежност се клучните области во кои се јавуваат најчести прекршувања на човековите права од страна на компаниите (работнички права, безбедност и здравје при работа, синдикално здружување, дискриминација итн). **Додека во делот на заштита на лични податоци и вештачката интелегенција, ќе се зајакне улогата на Агенцијата за заштита на личните податоци во дефинирање на политики во овој домен.** Предлагаме веќе воспоставената меѓу-секторска работна група да добие задача да го отпочне процесот на консултации за изработка на НАП и да помогне во поврзување и вклучување на сите релевантни институции и останати чинители. Како што веќе напоменавме, работната група предлагаме да се прошири со членови кои имаат соодветно познавање од областа на заштита на лични податоци и системи на информатичка техонолигја.

Врз основа на искуствата и анализите од досегашното промовирање и поттикнување на ВПОН во нашата земја, првично ги идентификувавме празнините во имплементацијата на ВПОН од страна на државата и бизнисите на коишто треба да им се посвети внимание при подготовката на НАП и тоа:

- ***Водечки принципи 1 и 3***
  - Предизвици во доследно спроведување на законите и еднаков третман кон сите компании;
  - Предизвици во однос на работничките права вклучително и правото на синдикално здружување;
  - Потреба од унапредување на социјалниот дијалог и колективното договарање преку локални совети, на национално ниво итн.;
  - Поголема ранливост за прекршување на човековите права во одредени економски сектори и кај одредени ранливи општествени групи;
  - Негативни влијанија врз животната средина особено загадување на воздухот, почвата и водата.
- ***Водечки принципи 4 - 6***

- Недостаток на чекори заштита од злоупотреби и унапредување на човековите права кај:
- Претпријатијата во државна сопственост;
- Во договорните односи на државата со компаниите (на пр. имплементација на конвенцијата на МОТ за трудови клаузули во јавните набавки);
- Претпријатијата што добиваат финансиска поддршка и преференцијален третман од државата.

- ***Водечки принципи 11 - 17***
  - Релативно ниско ниво на свесност кај компаниите, претежно декларативни заложби;
  - Мал број компании прават проценка на ризиците по човековите права и применуваат нефинансиско известување;
  - Речиси воопшто не се третира аспектот на ланците на добавувачи и деловни партнери;
  - Недостаток на стимули за компаниите, препознавање на добри пракси и меѓу-секторски иницијативи во овој домен.
- ***Водечки принципи 25-27***
  - Предизвици во пристапот до државни судски механизми во случај кога компаниите ги повредуваат човековите права;
  - Ниско ниво на примена на вонсудски механизми.
- ***Водечки принципи 28-31***
  - Ниско ниво на воспоставени системи на недржавни жалбени механизми.

Дополнително, неопходни се напори за зголемување на видливоста на темата како и за подигнување на јавната свест за ВПОН кај социјалните партнери и сите засегнати страни.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

Со предлог иницијативта се очекуваат следните влијанија:

- Усогласување на државата со насоките на Обединетите нации во доменот на Водечките принципи за бизнисот и човековите права;
- Усогласување на правото на РСМ со најновите развојни трендови на правото на ЕУ и развојот на технологијата во доменот на вештачка интелегенција;
- Зајакната соработка на Владата со меѓународните и мултилатералните инстриуции, непрофитните организации и бизнис заедницата;

**Ndikimet e pritshme:** (Cilat janë ndikimet e pritshme nga propozim-iniciativa)

- Развиен систем за превенција, детектирање и надокнадување за случаи поврзани со кршење на човековите права поврзано со дејствувањето на бизнис секторот;
- Развиен систем за превенција, детектирање и надокнадување за случаи поврзани со кршење на човековите права поврзано со користење на вешачка интелегенција;
- Развиен систем за превенција, детектирање и надокнадување за случаи поврзани со кршење на човековите права поврзано со користењето на личните податоци;
- Системска евалуација, проверка и подобрување на државните механизми за примена на приодот базиран на човекови права како и поттикнување на развој на овие механизми во бизнис секторот;
- Овозможување на меѓу-секторско координирано делување во доменот на бизнисот и човековите права преку Национален акциски план за Водечките принципи на ОН за бизнисот и човековите права со посебен фокус на заштита на личните податоци и вештачката интелегенција.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

**Implikime financiare:** (A shkakton propozim-iniciativa implikime financiare? Nëse ka, a janë të siguruara mjetet e nevojshme dhe nga cilat burime?)

Процесот на изготвување и усвојување на Национален акциски план (НАП) за имплементација на ВПОН има незначителни финансиски импликации. Меѓународни донатори и техничка поддршка на Владата во доменот на предпристапната поддршка на ЕУ можат да бидат соодветни извори на финансирање за експертска поддршка на процесот. Дополнително проектот „Техничка и интегрирана заштита на личните податоци – градење на инклузивен екосистем" поддржан од ИПА компонента – ЕИДХР Поддршка на граѓанското општество преку шеми за поддршка засновани на одредена земја во Северна Македонија, спроведуван од Метаморфозис во соработка со Конект, до 31.07.2023 година овозможува меѓународна експертска поддршка (Европскиот центар за непрофитно право со седиште во Хаг), како и логистичка и финансиска поддршка за темите од доменот на заштита на личните податоци и вештаачката интелегенција.

**Прилози** (со наведување на авторот на

**Bashkëngjitje** (me shënimin e autorit të dokumentit):

документот):

1. Препораки за политиките за спроведување на Водечките принципи на ОН за бизнисот и човековите права, допис до Министерството за труд и социјална политика, проект: Поттикнување на принципите за бизнис и човекови права;

2. Насоки за процесите поврзани со Националните акциски планови за Водечките принципи на ОН за бизнисот и човековите права, проект: Поттикнување на принципите за бизнис и човекови права;

3. Водечки приницпи за бизнис и човекови права: линкови << македонски>> / << албански>>

4. Извршно резиме на истражување: Почитување на човековите права во бизнис секторот, линкови << македонски >> / << албански >> / << англиски >>

5. Почитување на човековите права во бизнис секторот: Резултати од истражување, Ристо Карајков и Марија Димитровска, Проект: Поттикнување на принципите за бизнис и човекови права, Скопје, декември 2018, линк: << македонски >>

6. Информации за ЕИДХР проектот „Техничка и интегрирана заштита на личните податоци – градење на инклузивен екосистем“ може да се најде тука.

Потпис на застапникот

15.09.2022 година

Nënshkrimi i përfaqësuesit

------ 2022

------------------------------

V.V